# ЗАКОН ЗА ЦАРИНСКА УПРАВА

## ДЕЛ ПРВИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ И ДЕФИНИЦИИ

### Член 1

(1) Со овој закон се уредува организацијата, делокругот на работа, начинот на вршење на работата и управувањето со Царинската управа, царинските надлежности, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоци во врска со работите на Царинската управа.

(2) Со овој закон се уредуваат специфичностите во правата, обврските и одговорностите на царинските службеници во работните односи, кодексот на однесување, наградите и признанијата, како и финансирањето на Царинската управа.

### Член 2

(1) Поимите употребени во овој закон го имаат следното значење:

1) *Царински службеник* е службеник на Царинската управа кој е униформиран или има посебни должности и овластувања и кој ги извршува задачите во согласност со овој закон и други закони;

2) *Оперативна инструкција* е упатство и насока донесена од директорот на Царинската управа наменета за царинските службеници за тоа како одредена работа и постапка треба да биде

раководена или спроведувана, како и очекуваните стандарди на работа и однесувањето кон кои царинските службеници мора да се придржуваат;

3) *Царинска мерка* е секоја мерка преземена под надлежност на Царинската управа;

4) *Царинското подрачје* на Република Македонија (во натамошниот текст: царинско подрачје) ја опфаќа територијата, територијалните води и воздушниот простор над територијата на Република Македонија, државната граница, а по меѓународни договори може да се протега и на делови од територијата на други држави. Царинското подрачје е обележано со царинска линија која е идентична со државната граница.

5) *Царински пограничен појас* на копно е дел од царинското подрачје на Република Македонија, во ширина од 15 км од царинската линија во длабочината на територијата на Република Македонија. Царински пограничен појас на граничните езера е дел од царинското подрачје на Република Македонија кој во ширина ја опфаќа царинската линија на езерото и до 5 км на копното од брегот на езерото. Кога пограничниот појас се протега на дел од месности, тогаш целата месност се смета како да е внатре во појасот.

6) *Царинска контролирана зона* вклучува царински пограничен појас, царински складишта, царински терминали, царински зони, слободни економски зони, воздухопловни и езерски пристаништа отворени за меѓународен јавен сообраќај на лица и стоки и сите други места определени или одобрени од страна на Царинската управа со цел спроведување на царински надзор;

7) *Царински надзор* се мерки што ги презема Царинската управа со цел да се увери дека над стоката предмет на царински надзор се спроведуваат царинските законски прописи како и другите соодветни прописи кои го уредуваат царинското работење;

8) *Царинска контрола* се одредени постапки преземени од царинските службеници како што се преглед и претрес на стоки и транспортни средства, проверка на постоењето, веродостојноста и точноста на документите, деловните книги и друга евиденција, преглед на личниот багаж и друга стока што патниците ја носат со себе, претрес на тие лица и спроведување на службени истраги и други слични активности со цел обезбедување надзор на стоката согласно царинските законски прописи како и другите соодветни прописи кои го уредуваат царинското работење;

9) *Транспортни средства* вклучува секакви патнички и транспортни возила, вклучувајќи запрежни коли, приколки или полуприколки, авиони, возови, вагони, чамци, бродови, амфибиски возила, хидроплани, како и други контејнери и сите други средства кои можат да се користат за транспорт на лица и стоки;

10) *Технички надзор* е мерка на набљудување, увид и документирање на движење на стоки, транспортни средства и лица со примена на аудио, видео и други технички средства;

11) *Контролирана испорака* е мерка организирана и планирана од страна на царинските службеници со запознавање на јавниот обвинител со која потврдени и претпоставени стоки или превозни средства се под тајно надгледување и контрола во одреден временски период со цел да се определат околностите, крајната дестинација и лицата кои се директно и индиректно вклучени во незаконски активности;

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА

### 1. Организација и управување

**Член 3**

(1) Царинската управа е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице.

(2) Царинската управа своите надлежности ги спроведува на целата територија на Република Македонија. Седиштето на Царинската управа се наоѓа во Скопје.

**Член 4**

Царинската управа има свој симбол во кружен облик со два натписа - во горниот дел стои "*Република Македонија Царинска управа*", а во долниот дел *ЦАРИНА – CUSTOMS*. Симболот е составен од средишна црвена лента со златно-жолта рамка, која ги симболизира граничните премини, а над неа и под неа има по три златно-жолти ленти, кои го симболизираат протокот на луѓе и стоки преку царинската линија.

**Член 5**

(1) Делокругот на работа на Царинската управа се извршува преку следниве основни организациони облици:

1) Централна управа, и

2) царинарници.

(2) Централната управа координира и раководи со царинските надлежности на целата територија на Република Македонија.

(3) Царинарниците се основаат кога тоа го бара обемот и структурата на стоковиот и патнички промет со странство.

## 2. Директор

### Член 6

(1) Со работата на Царинската управа раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(2) Директорот за својата работа и работата на Царинската управа е одговорен пред Владата на Република Македонија и министерот за финансии.

(3) Директорот на Царинската управа има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(4) Именувањето на директорот и заменикот на директорот на Царинската управа се врши пред сé врз основа на нивната стручност, при што ќе се земат предвид и другите нивни способности релевантни за дадената позиција.

### Член 7

(1) Директорот ја претставува Царинската управа и е надлежен за донесување акти во првостепена управна постапка;

(2) Директорот е надлежен за донесување оперативни инструкции во писмена форма од сите области на царинското работење.

(3) Директорот одлучува за вработување, распоредување, суспендирање и престанок на работен однос на вработените во Царинската управа, согласно одредбите на овој закон;

(4) Директорот е надлежен за започнување на постапка за откривање на случаи на несоодветно однесување или прекршување на должностите од страна на вработените во Царинската управа;

(5) Директорот може во писмена форма да ги пренесе своите надлежности на царински службеник од редот на раководните и стручните царински службеници.

## 3. Структура на работните места

### Член 8

(1) Царинските службеници, во зависност од службените задачи кои ги извршуваат, се класифицираат во следните групи и звања:

I. раководни царински службеници;

II. стручни царински службеници, и

III. административно-царински службеници.

(2) раководни царински службеници се:

- помошник директор
- управник на царинарница
- помошник управник на царинарница

- началник на одделение
- шеф на царинска испостава
- шеф на служба
- водител на отсек
- водител на смена

(3) стручни царински службеници се:

- советник на директор
- главен инспектор
- самостоен советник
- виш цариник контролор
- виш инспектор
- системски инженер
- инспектор
- виш цариник
- советник
- помлад инспектор
- цариник
- водич на царински пес

(4) административно-царински службеници се:

- главен оператор на мрежа
- оператор на мрежа
- оператор
- административен оператор
- техничар за поддршка и координација
- референт за продажба на царинска стока

(5) Царинските службеници од I. група имаат високо или вишо образование освен водител на смена кој може да има високо, вишо или

средно, а царинските службеници од II. и III. група имаат високо, вишо или средно образование.

## 4. Основни надлежности

### Член 9

Царинската управа е надлежна за примена на овој закон, Царинскиот закон, Законот за царинска тарифа, и други закони со кои се уредува увозот, извозот и транзитот на стока, како и за извршување на други дејности коишто со други закони ѝ се дадени на нејзина надлежност.

### Член 10

(1) Основни надлежности на Царинската управа се:

1) спроведување на царински надзор;

2) спроведување на царинска контрола;

3) царинење на стока;

4) спроведување царинска контрола, истражни и разузнавачки мерки со цел спречување, откривање и истражување на царински прекршоци и кривични дела;

5) поведување постапка по царински и други прекршоци, како и кривични дела утврдени со закон и наплата на мандатни казни;

6) вршење пресметка и наплата или враќање на извозни и увозни давачки, даноци и други јавни давачки и надоместоци при увоз, извоз или транзит на стока, како и спроведување на присилна наплата на истите во согласност со законот;

7) водење царинско-управна постапка во прв степен;

8) вршење на контрола на внесување и изнесување на ефективни домашни и странски пари, чекови и монетарно злато;

9) вршење контрола на извозот, увозот и транзитот на стока за која се пропишани посебни мерки од интерес за безбедноста и јавениот морал, зачувување на здравјето и животот на луѓето, животните и растенијата, заштита на животната средина, заштита на националното наследство и предмети со историска, уметничка и археолошка вредност, заштита на авторските и другите сродни права и правата на индустриска сопственост, како и други мерки на трговската политика пропишани со закон;

10) организирање на царинскиот информациски систем и обезбедување податоци за увоз и извоз заради спроведување статистички истражувања;

11) организирање и спроведување на контрола на професионалната одговорност на вработените;

12) подготвување на нормативни акти од обласга на царинското работење;

13) организирање и спроведување на обуки, проверка на знаење и стручни способности на царински службеници, како и управување со човечките ресурси;

14) давање на стручна помош за примена на царинските прописи за што организира семинари и јавни трибини со право на надомест;

15) спроведување сместување, чување и постапка на продажба на одземена, одстапена или пронајдена стока;

16) вршење на следење на царинска стока со надомест на трошоци;

17) вршење на хемиско-технолошко испитување на стока;

18) соработка со други државни органи;

19) соработка со странски царински управи и меѓународни организации;

20) вршење на други дејности пропишани со овој закон, други закони и прописи.

**Член 11**

Министерот за финансии по предлог на директорот го донесува Актот за организација на работа на Царинската управа со кој подетално се разработуваат надлежностите на организационите облици на Царинската управа.

## III. ЦАРИНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ

### 1. Општи принципи на царинските надлежности

**Член 12**

Царинската управа своите надлежности ги извршува врз основа на Уставот и законите и ратификуваните меѓунарони договори.

### Член 13

Во извршувањето на своите надлежности, Царинската управа и царинските службеници не треба да вршат дискриминација на кое било лице врз ниедна основа како што се: пол, раса, боја на кожа, национално или социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба или друг статус.

### Член 14

(1) Царинските мерки се спроведуваат со потребната ефикасност и брзина. Царинските мерки треба да бидат оправдани во однос на значењето и итноста на должноста и во однос на факторите што влијаат на севкупната проценка на ситуацијата.

(2) Царинските мерки се спроведуваат на таков начин да не се стори поголема штета или непријатност отколку што е неопходно за извршување на одредена должност.

(3) Одредени царински мерки нема да се спроведуваат доколку нивното спроведување би можело да доведе до несоодветни последици во споредба со бараниот резултат.

### Член 15

(1) Лицето, или неговиот застапник, на кое се применува одредена царинска мерка којашто влијае на неговата лична слобода, мора веднаш да биде известено за основаноста на царинската мерка, освен ако тоа е невозможно поради состојбата во која се наоѓа лицето или поради други околности.

(2) Право да бидат информирани за основаноста на царинската мерка којашто влијае на  нивните права имаат и други лица освен лицата од став (1) на овој член веднаш штом тоа ќе биде можно без притоа да се загрози спроведувањето на царинската мерка, освен ако е поинаку уредено со овој или друг закон.

**Член 16**

Надлежностите на Царинската управа и царинските службеници пропишани со овој или со друг закон, се применуваат на целото царинско подрачје.

## 2. Надлежности на Царинската управа

**Член 17**

Царинската управа може, под условите пропишани со овој закон или со други важечки прописи, да ги презема сите мерки и активности што ги смета за неопходни заради обезбедување правилна примена на законите од областа на царинското работење.

**Член 18**

(1) Царинската управа може да побара од Министерството за внатрешни работи помош во спроведувањето на одредбите на овој закон или другите закони за чија примена е надлежна Царинската управа.

(2) Министерството за внатрешни работи е должно да ѝ помага на Царинската управа во спроведувањето на овој и другите закони кои се однесуваат на царинското работење.

**Член 19**

(1) Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа и другите државни органи треба да ја пружат сета неопходна помош во рамките на нивните надлежности заради примена и извршување на одредена царинска мерка.

(2) На основа на добиено барање, Царинската управа ќе им помага на органите наведени во член 18 и во ставот (1) на овој член во спроведувањето на законите чија примена спаѓа во нивна надлежност.

(3) Одлуките за барање и давање извршна помош ги донесува директорот, доколку тоа не е поинаку регулирано.

**Член 20**

(1) Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа и другите државни органи ја известуваат Царинската управа за сторени прекршоци и кривични дела или прекршоци и кривични дела што ќе се сторат од областа на царинското работење.

(2) Органите од став (1) на овој член се должни веднаш да ја доставаат сета царинска стока на Царинската управа која тие привремено или конечно ја одзеле. Ваквата стока овие органи можат да му ја продадат или отуѓат по било кој правен основ на друго лице само ако Царинската управа го дозволила тоа или настанатиот царински долг бил намирен.

**Член 21**

(1) Царинската управа од органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа и другите државни органи, и покрај нивната обврска да ја почитуваат тајноста, има право без надомест да ги

добие сите информации и документи што ѝ се неопходни за извршување на службени должности, освен ако користењето на информациите како доказ е забрането или ограничено со закон.

(2) Царинската управа соработува и разменува информации со органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа и другите државни органи, и со јавни или приватни организации.

**Член 22**

Царинската управа соработува со царинските управи на други земји на полето на царинското работење во откривање и спречување на царински прекршоци и кривични дела, обуки на царинските службеници, унапредување на техничкиот развој и друго, во согласност со меѓународни договори.

**Член 23**

Царинската управа може заради спроведување на своите надлежности да користи техничка опрема, службени автомобили опремени со светлосна и звучна сигнализација и пси и други животни за детекција на дрога, експлозивни средства и друго.

**Член 24**

(1) Царинската управа има право да прибира пријави или информации во врска со царински прекршоци или кривични дела од кое било лице, истите да ги собира и анализира заради откривање и спречување на царински прекршоци или кривични дела.

(2) Царинската управа може да утврди и исплати надомест на лицето кое дало информации од став (1) на овој член. Идентитетот на лицето што ги дава информациите е под загарантирана тајност во сите околности.

**Член 25**

Царинската управа има право, откако претходно известила, да врши технички надзор заради спречување царински прекршоци и кривични дела, како и за идентификација на осомничено лице за извршен царински прекршок или кривично дело во царинската контролирана зона и на други места или простории за чиј надзор е овластена Царинската управа.

## 3. Надлежности на царинските службеници

**Член 26**

(1) Царинските службеници ги вршат работите на царинската служба во службена или цивилна облека во случаи, на начин и под услови кои ги утврдува директорот. Службената облека е царинска униформа со пропишаниот симбол на Царинската управа.

(2) Царинските службеници се должни на барање на лицата да се легитимираат со службената легитимација, а кога работите ги извршуваат во цивилна облека мораат да се легитимираат со службената легитимација пред преземање на кое било службено дејство, освен кога со легитимирањето може да се загрози спроведувањето на преземената царинска мерка.

(3) Министерот за финансии, на предлог на директорот, ги пропишува службената облека, ознаките на чиновите, начинот на

нејзиното доделување и користење, како и формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација на царинските службеници.

**Член 27**

Царинските службеници се надлежни за преземање на сите мерки и дејствија за откривање и спречување на кривични дела и прекршоци од сите области на царинското работење, во согласност со Законот за кривична постапка и Законот за прекршоци.

**Член 28**

Царински службеник може на цело царинско подрачје да ги презема сите оперативни дејствија за прибирање информации и докази за сторени царински прекршоци и кривични дела.

**Член 29**

(1) Царинските службеници можат да организираат и спроведат мерки на контролирана испорака по претходно одобрение од директорот. Царински службеници надлежни за контролирање на испораката на таквите стоки според овој или друг закон, не одговараат прекршочно и кривично за преземените службени дејствија доколку не ги пречекорат службените овластувања.

(2) Пред спроведувањето на испораката од став (1) од овој член, Царинската управа ќе го извести надлежниот јавен обвинител, освен кога контролираната испорака се врши во непосредна околина на царинската контролирана зона.

**Член 30**

(1) Царински службеник може да го легитимира и утврди идентитетот на секое лице

1) кое влегува во, го напушта, или се подготвува да го напушти царинското подрачје;

2) кое влегува, напушта или останува во царинска контролирана зона,

(2) Царински службеник може да побара од лицето од став (1) од овој член да:

а) одговори на сите прашања што царинскиот службеник ќе му ги постави во врска со неговиот багаж, за предметите што се дел од багажот или предметите што тоа ги носи со себе;

б) го стави на увид личниот багаж и сите предмети што се дел од багажот заради преглед, и

в) одговори на сите прашања што царинскиот службеник ќе му ги постави во врска со неговото патување или околностите во врска со патувањето.

**Член 31**

(1) Царински службеник може да изврши претрес на:

1) лице кое влегува во, го напушта, или се подготвува да го напушти царинското подрачје, и

2) лице кое влегува, напушта или останува во царинска контролирана зона,

доколку царинскиот службеник има основани причини да се сомнева дека лицето во неговата облека или во телото крие:

1) царинска стока, забранета стока или стока која може привремено да се одземе;

2) докази поврзани со таква стока, или

3) нешто што претставува или би можело да претставува доказ за повреда или можна повреда на Царинскиот закон или друг закон за чие спроведување е надлежна Царинската управа.

(2) Кога царинскиот службеник има основани причини да се сомнева дека лицето на кое треба да се изврши претрес согласно овој член, во неговото тело или во телесните отвори крие стока од став (1) на овој член, царинскиот службеник може да го задржи лицето и без одлагање да го спроведе кај лекар во јавна здравствена установа кој треба да му изврши интимен претрес.

(3) Пред да започне со претресот од став (1) на овој член, царинскиот службеник по правило и доколку е тоа можно треба да повика уште еден царински службеник кој ќе присуствува на претресот во својство на сведок.

(4) Претресот на лице се врши во одделна просторија од страна на царински службеник припадник на истиот пол. Доколку на местото каде што се врши претресот нема царински службеник кој е припадник на истиот пол, царинскиот службеник може да овласти кое било друго соодветно лице, припадник на истиот пол, да го изврши претресот и/или да присуствува на претресот во својство на сведок.

(5) Претрес на малолетно лице помладо од 14 години може да се врши само во присуство на неговите родители или во присуство на

возрасни лица кои се одговорни за него, или доколку тие се недостапни, во присуство на социјален работник.

(6) За извршениот претрес треба да се подготви записник кој ќе го потпишат царинскиот службеник, лицето над кое бил извршен претресот и сведокот. Кога лицето над кое бил извршен претсресот или сведокот одбие да се потпише, царинскиот службеник е должен истото да го констатира во записникот, а по можност да ги наведе и причините за тоа.

**Член 32**

Царински службеник може да врши претрес на лица согласно одредбите на член 31 на начин што вклучува мал физички контакт или исклучува физички контакт помеѓу царинскиот службеник и лицето на

кое се врши претресот. Претресот може да се врши со употреба на помошни средства како пес, механички и електрични средства, рентген или други слични средства.

**Член 33**

(1) Царински службеник може да запре и изврши претрес и преглед на:

1) секое транспортно средство што влегува во, го напушта или се подготвува да го напушти царинското подрачје;

2) секое транспортно средство што влегува, останува во или напушта царинска контролирана зона, и

3) секое транспортно средство (освен оние на кои се однесува точка 1) или точка 2) од овој став) на целото царинско подрачје за кое царинскиот службеник има основани причини да се сомнева дека:

а) пренесува царинска стока, забранета стока или стока која може привремено да се одземе;

б) било или ќе биде вклучено во повреда на Царинскиот закон или некој друг закон за чие спроведување е надлежна Царинската управа

и може, со примена на сила во мерка примерена на околностите, да влегува во сите делови на транспортното средство и да ги отвори сите оддели, прегради и други места, и може да изврши преглед на стоките што се наоѓаат во транспортното средство.

(2) Лице кое го врши транспортот или ги пренесува стоките наведени во став (1) од овој член, треба да одговори на сите прашања на царинскиот службеник во однос на превозното средство и стоката која се транспортира или пренесува, и доколку тоа го побара царинскиот службеник, треба да ја стави стоката на увид, да поднесе документирани докази и да овозможи преглед на истата.

(3) Доколку е потребно, царинскиот службеник може да побара од лицето од став (2) да го пренесе транспортното средство до соодветно место за преглед и претрес. Трошоците настанати во врска со пренесувањето на транспортното средство не паѓаат на товар на Царинската управа.

(4) Царинскиот службеник може, тогаш кога тоа е оправдано со оглед на околностите, да го интервјуира секое лице кое би можело да има каква било информација за дејствијата и околностите опишани во став (1) и став (2) од овој член.

**Член 34**

(1) Царински службеник може да ја прегледа, измери, анализира или тестира, царинската стока и може за таа цел да ги отвори или да побара да бидат отворени сите пакети во кои се наоѓа таква стока или оние пакети за кои се сомнева дека би можела да се наоѓа.

(2) Доколку е потребно, царинскиот службеник може да побара декларантот или сопственикот на царинската стока да организира транспорт на стоката до соодветно место за растовар, утовар, претовар, распакување и пакување на стоката. Трошоците настанати во врска со транспортот не паѓаат на товар на Царинската управа.

**Член 35**

(1) Царински службеник може да изврши преглед на сите поштенски пратки што биле увезени и да ја отвори или да побара да биде отворена секоја пратка за која има основани причини да се сомнева дека содржи некоја стока чијшто увоз е забранет, или регулиран со закон или пропис за чија примена е надлежна Царинската управа. Царинскиот службеник може да побара увезена поштенска пратка со тежина од триесет грама или помала тежина да биде отворена само во присуство и од страна на лицето до кое е адресирана или друго лице овластено од него. Во секој случај, под никакви околности не смее доверливоста на поштенската пратка да биде нарушена. Службениците на поштите мора да ги пријават на царинскиот орган сите пратки кои подлежат на примена на овој или друг закон.

(2) Во однос на стоките од став (1) од овој член, царинските службеници може да ги спроведуваат сите надлежности пропишани со член 34 на овој закон.

**Член 36**

(1) Царинскиот службеник може во рамките на царинското подрачје, од сите лица кои носат или чуваат стока за која се применуваат мерките на трговската политика или стока која подложи на плаќање на царински долг, да побара да се приложат следните докази:

1) дека стоката била набавена или произведена на царинското подрачје, или

2) дека стоката била увезена во согласност со законите или други прописи и дека со стоката се постапува согласно одредбите на Царинскиот закон и кој било друг закон за чија примена е надлежна Царинската управа.

(2) Доколку на прво барање од страна на царинскиот службеник не се приложат вакви докази, стоката ќе биде предмет на мерките од член 37 од овој закон.

(3) Со посебен акт министерот за финансии на предлог на директорот ќе го пропише списокот на стоките од став (1) на овој член.

**Член 37**

(1) Царински службеник може да ја задржи стоката што се увезува или што се извезува сé додека не оцени дека со стоката се постапувало во согласност со Царинскиот закон, и другите закони за чие спроведување е надлежна Царинската управа. Царински службеник, исто така, може да ги задржи документите што се однесуваат на вакви стоки.

(2) Царински службеник може привремено да ги одземе сите стоки или транспортни средства што подлежат на одземање во согласност со Царинскиот закон или кој било друг закон за чие спроведување е

надлежна Царинската управа, како и документите што се однесуваат на тие стоки и транспортни средства.

(3) Кога привременото одземање на таквите стоки или транспортни средства или документи не е можно, царински службеник може во писмена или усна форма да му нареди на сопственикот на стоката, на неговиот полномошник или на кое било друго лице да не ја преместува, оттуѓува по било кој правен основ, или да не презема какво било друго дејство во врска со таа стока, транспортно средство или документи без претходно одобрение од страна на царинскиот службеник.

(4) Лицето кое е одговорно за стоките, транспортните средства или документите наведени во претходниот став од овој член истите треба да ги чува на сигурно и безбедно место, сé додека не биде донесена конечна одлука за тоа дали стоката и/или транспортните средства или документи треба да се одземат. Царинскиот службеник може во секое време да изврши надзор над стоките, транспортните средства и документите.

(5) Кога царински службеник задржува или привремено одзема документи, стока или транспортни средства, тој треба да му даде потврда на лицето или лицата од коишто биле задржани или на коишто им биле привремено одземени документите, стоката или превозните средства. Директорот ја пропишува формата на потврдата.

(6) Трошоците настанати во врска со претходните ставови на овој член не паѓаат на товар на Царинската управа.

**Член 38**

(1) Царински службеник заради проверка на точноста на податоците содржани во декларацијата може да ги прегледа трговските документи, книговодствените записи, договорите, записниците и сите други податоци што се однесуваат на увозната, извозната или друга

царинска постапка во врска со таа стока или на натамошните комерцијални постапки во врска со таа стока. Тие проверки може да се спроведат во просториите на декларантот или во просториите на друго лице кое непосредно или посредно е деловно вклучено во наведените дејствија, или во просториите на кое било друго лице кое го поседува наведениот документ или податоци, заради деловни цели. Царински службеник може исто така да ја прегледа стоката доколку тоа сé уште е можно.

(2) Царински службеник може од лицето кое ја поднесува декларацијата или од кое било друго лице кое е наведено во претходниот став да ги побара трговските книги, книговодствените записи, договорите, записниците и сите други податоци, а тоа лице е должно во определениот рок и на одреденото место да му ги достави на царинскиот службеник сите барани документи или информации, без разлика на тоа во каков облик се чуваат, и на негово барање треба да му ја пружи сета неопходна помош.

(3) Кога со дополнителната проверка на декларацијата или со проверката извршена по царинењето на стоката ќе се утврди дека одредбите со кои се уредува спроведената царинска постапка биле применети врз основа на неточна или непотполна информација, царинските службеници во согласност со Царинскиот закон и други закони, ќе ги преземат потребните мерки за регулирање на состојбата, имајќи ги предвид новите информации што им стојат на располагање.

(4) Кога деловните евиденции и други документи и записници пропишани со важечката законска регулатива се чуваат во електронска форма, царинскиот службеник има право на пристап до базата на податоци на компјутерскиот систем како и право да побара да бидат изготвени и да му бидат приложени сите документи или декларации што би ги потврдиле податоците што се чуваат во електронска форма.

(5) Царински службеник може да направи копии или да користи извадоци од сите документи што произлегле согласно одредбите на овој член.

**Член 39**

Царински службеник може да влегува во деловни простории во текот на работното време на корисникот на тие простории ако има основани причини да се посомнева дека тие простории се користат во врска со набавка, продажба и производство или увоз и извоз на стоки и дека такви стоки се наоѓаат во тие простории, како и да изврши преглед на тие простории и стоки, вклучувајќи ги и просториите кои се означени како седиште на стопански субјект или просториите во кои се обавува стопанска дејност.

**Член 40**

(1) Царински службеник може да преземе мерки за обезбедување на видот, квалитетот и количината на стоката кога тоа е неопходно заради исполнување на условите коишто ја уредуваат царинската постапка за која стоката била декларирана. Мерките се спроведуваат со ставање пломба, царински обележја или на друг начин.

(2) Царински службеник може да стави пломба или други царински обележја на стоката што е предмет на царински надзор, како и на транспортни средства, царински складишта или други простории каде што се наоѓа стоката, со цел да го обезбеди видот, квалитетот и количината на стоката и нејзината идентичност.

(3) Пломбите и другите царински обележја може да бидат отстранети, сменети или уништени само од страна на царинските службеници или, со нивна дозвола, од други лица.

## Член 41

Доколу тоа е неопходно заради спроведување на царинскиот надзор, царински службеник може да ги пломбира или на друг начин затвори просториите и да ги отстрани лицата и предметите од местата каде што се врши утовар, истовар, чување или преглед на стока, како и транспортните средства, и да го забрани или ограничи движењето на такви места, простории или транспортни средства.

## Член 42

(1) Како доказ во прекршочната и/или кривичната постапка може да се користат записници за факти утврдени за време на претресот и прегледот на лица, транспортни средства и деловни простории, документи во која било форма, стоки и предмети привремено одземени или собрани во согласност со овој закон, Царинскиот закон и со кој било друг закон за чија примена е надлежна Царинската управа.

(2) Известувањата што лицата ги дале во текот на царинската постапка или известувањата дадени во текот на истрагата може да се користат како докази во прекршочната и кривичната постапка доколку биле дадени во согласност со Законот за кривична постапка и Законот за прекршоци.

## Член 43

(1) Заради фаќање на извршител на кривично дело од областа на царинското работење кога непосредно го гонат, заради превезување на жртва на кривично дело или друг несреќен случај до најблиската здравствена организација, како и за извршување на други службени должности од итна природа, царинските службеници имаат право да се послужат со сообраќајни средства и со средства за врски до кои можат да дојдат, ако тоа не можат да го извршат на друг начин. За употребата на

сообраќајното средство или средството за врски му се издава потврда на сопственикот, односно корисникот на средството.

(2) Сопственикот, односно корисникот на средствата од став (1) на овој член има право на надоместок на стварната штета предизвикана со употребата на средството.

(3) Надоместокот на штетата од став (2) на овој член паѓа на товар на Буџетот на Република Македонија.

**Член 44**

(1) Царинските службеници при спроведување на своите надлежности може да употребат средства на присила како и да носат и употребат огнено оружје.

(2) Царинските службеници може да употребат огнено оружје кога:

- се во ситуација на самоодбрана;
- не постои друг начин на запирање лица кои имаат намера да ја минат границата и не ги почитуваат повторените наредби од страна на царинскиот службеник да запрат;
- не постои друг начин да се запрат возилата, како и животни кои имаат намера да ја минат границата и по повторените наредби од страна на царинсиот службеник да запрат, и
- не можат да спречат намерно оштетување на објекти или средства на Царинската управа.

(3) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии, поблиску ги пропишува употребата на средствата за присила, како и носењето и употребата на огненото оружје од страна на царинските службеници.

**Член 45**

Царински службеници имаат право да наплатуваат мандатни казни, во согласност со Царинскиот закон.

**Член 46**

Царинските службеници, при спроведување на своите овластувања на и во средства за јавен сообраќај, имаат право на бесплатен превоз со тие средства и право на осигурување исто како и патниците кои го плаќаат превозот со тие средства.

**Член 47**

Правните и физичките лица се должни да постапуваат во согласност со барањето на царинскиот службеник и да му овозможат да ги преземе сите мерки и дејствија пропишани со ова поглавје на овој закон.

## IV. СОБИРАЊЕ, ЕВИДЕНЦИЈА, ОБРАБОТКА И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

**Член 48**

(1) Царинската управа собира, евидентира, обработува и заштитува лични и други податоци заради спроведување на своите надлежности непосредно од лица на кои тие податоци се однесуваат, како и од лица кои

ги поседуваат бараните податоци или од постоечката евиденција, при што царинските службеници не се должни за тоа да го известат лицето на кое тие податоци се однесуваат, ако со тоа би се оневозможило или отежнало извршувањето на одредена задача.

(2) Органите на државната управа, државните органи, организации или други субјекти, кои по службена должност водат податоци од став (1) на овој член, се должни да ги доставaт таквите податоци на барање на царинските службеници.

**Член 49**

(1) Царинската управа води евиденција за податоците од член 48 на овој закон во согласност со закон со кој се уредува заштитата на личните податоци на граѓаните.

## ДЕЛ ВТОРИ

## V. СПЕЦИФИЧНОСТИ ВО ПРАВАТА, ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

### 1. Општи одредби

**Член 50**

(1) На царинските службеници се применуваат општите и посебните прописи од Законот за работни односи, прописите од областа на здравствено, пензиско и инвалидско осигурување, како и колективниот договор, доколку со овој закон не е поинаку пропишано.

(2) За вработените лица во Царинската управа со статус на државен службеник во однос на правата, должностите и одговорностите, ќе се применува Законот за државните службеници.

(3) За вработените лица во Царинската управа кои вршат административно-технички или помошни работи, во однос на правата, должностите и одговорностите, ќе се применува Законот за работни односи.

## 2. Вработување

### Член 51

(1) Во Царинската управа како царински службеник може да се вработи лице кое покрај општите услови ги исполнува и посебните услови предвидени во Актот за систематизација на работните места во Царинската управа.

(2) Министерот за финансии по предлог на директорот го донесува Актот за систематизација на работните места во Царинската управа.

## 3. Постапка за вработување

### Член 52

(1) Вработувањето на царинските службеници се врши врз основа на јавен оглас за слободно работно место објавен во медиумите, најмалку во два дневни весника, по претходно добиена писмена согласност од Министерот за финансии.

(2) Јавниот оглас за слободно работно место содржи: назив на работно место, краток опис на работното место, минимум потребно образование, потребно професионално работно искуство, ранг, рокот за

пријавување и местото каде што може да се подигне и поднесе службениот образец на пријавата.

(3) Рокот за пријавување не треба да е помал од 20 дена и да не е подолг од 30 дена сметајќи од денот на објавување на слободното работно место.

(4) Цармински службеник, со негова согласност, може да се вработи и без јавен оглас од еден во друг орган, ако за тоа се согласат министрите односно функционерите кои раководат со тие органи и кога тоа го налага потребата на Царинската управа, а по претходно мислење на Министерот за финансии.

(5) Директорот го задржува правото да даде дозвола за необјавување на јавен оглас за слободно работно место врз основа на негова одлука за унапредување или прераспоредување на царински службеник на тоа работно место.

(6) Царинската управа ќе ги собере, евидентира, и завери сите пријави и приложени документи.

(7) Директорот може да побара податоци за лице кое е во процес на вработување како царински службеник, од надлежните државни институции кои се овластени за водење на безбедносни податоци, за постоење на пречки кои ја загрозуваат безбедноста на работењето на Царинската управа.

(8) Директорот ја донесува конечната одлука за финалниот избор од пријавените кандидати. Сите пријавени кандидати кои ги исполнуваат условите ќе бидат известени во писмена форма за извршениот избор во рок од 8 дена од денот на донесување на одлуката. Кандидатите кои не се избрани имаат право на приговор до Комисијата за решавање на прашања

од областа на работните односи при Владата на Република Македонија во рок од осум дена од добивање на конечната одлука за направен избор.

(9) Работниот однос се заснова со склучување на договор за работа во писмена форма помеѓу избраниот кандидат и директорот. Работниот однос започнува со датумот на потпишување на договорот и негова заверка во Службата надлежна за посредување при вработување.

(10) Прописите за проверката на работните способности и процедурите за започнување на вработувањето ќе се уредат со Колективниот договор или оперативна инструкција донесена од страна на директорот.

## 4. Пробна работа

### Член 53

(1) Нововработениот или унапреден царински службеник ќе биде подложен на пробна работа.

(2) Пробниот период треба да трае максимум 12 месеци, но не помалку од 6 месеци.

(3) Во текот на овој период, царинските службеници се под грижата и директно надгледување, и ќе бидат оценувани, од страна на непосредниот претпоставен раководител. На сите царински службеници ќе им биде обезбедена стручна обука за извршување на работите на новото работно место.

(4) Царинскиот службеник е подложен на оценување на работата додека е на пробна работа во согласност со посебната постапка од член 66 од овој закон.

(5) На крајот од пробниот период за новопримените царински службеници се донесува одлука:

1) за засновање на работен однос, или

2) за престанок на работен однос.

(6) По исклучок од став (5) од овој член, одлуката за престанок на работниот однос може да се донесе и пред истекот на периодот на пробната работа, доколку со проценката на работната способност се утврди дека царинскиот службеник не ги задоволува барањата на работното место.

(7) За унапредените царински службеници кои во текот на пробната работа не остварат задоволителни работни резултати, ќе се донесе одлука за враќање на претходното звање.

(8) Лице на кое ќе му престане работниот однос, во смисла на овој член, има право на приговор во рок од 8 дена од денот на доставување на одлуката.

(9) Постапката поврзана за третманот на вработениот на пробна работа ќе се уреди со Колективниот договор или оперативна инструкција донесена од страна на директорот.

**5. Заклетва**

**Член 54**

(1) Лицето кое за прв пат се вработува како царински службеник во Царинската управа, пред директорот, дава и потпишува заклетва со следниов текст:

"*Се колнам дека во текот на мојата работа ќе ги почитувам Уставот и законите на Република Македонија и дека совесно и уредно ќе ја извршувам мојата должност на царински службеник*".

Потпишаната заклетва се чува во персоналното досие на царинскиот службеник.

(2) Доколку царинскиот службеник одбие да ја даде и потпише заклетвата наведена во став (1) од овој член, ќе се смета дека одлуката за вработување не е донесена.

**6. Престанок на работен однос**

**Член 55**

(1) На царинскиот службеник му престанува работниот однос во Царинската управа со одлука на директорот во следниве случаи:

1) по негово барање;

2) ако трајно ја загуби здравствената и физичка способност за извршување на должностите во Царинската управа како последица на болест или намалување на физичките или менталните капацитети;

3) поради неисполнување на посебните услови од член 51 за вработување во Царинската управа;

4) му е изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос со денот на врачување на конечното решение;

5) ако поради издржување казна затвор мора да биде отсутен од работа подолго од шест месеци - со денот на стапувањето на издржувањето на казната, или, ако му биде изречена мерка на безбедност, воспитна или заштитна мерка во траење подолго од шест месеци и поради тоа мора да биде отсутен од работа - со денот на применувањето на таа мерка;

6) ги исполни условите за пензија согласно закон;

7) ако се укине работното место на царинскиот службеник поради организациски промени, намалување на надлежноста и обемот на работата на Царинската управа, а царинскиот службеник одбие прераспоредување во исто или пониско звање;

8) ако се утврди дека врз база на оценка преку примена на систем на вреднување и проценка на работата, незадоволително ги исполнува стандардите и барањата на работното место;

9) ако царинскиот службеник незадоволително ги извршува своите должности или нема знаења за извршување на својата функција врз база на оценка преку службена примена на системот на оценување на работата.

(2) Ако царинскиот службеник е осуден со казна затвор помала од три месеци за кривично дело кое не е поврзано со надлежноста на Царинската управа, а ниту е направено на работа, и не го руши угледот на Царинската управа, Директорот може да одлучи Царинскиот службеник да го врати на работа по издржувањето на казната, имајќи го предвид неговото претходно работење и однесување.

## 7. Суспендирање

### Член 56

(1) Суспендирањето е привремено отстранување од работа на царинскиот службеник поради причини кои се предвидени со овој член и трае сé додека трае и причината за отстранувањето. По истекот на тој период, царинскиот службеник продолжува со работа на своето работно место во Царинската управа, освен во случај ако му е изречен престанок на работен однос со отказ во согласност со одредбите од член 55 на овој закон.

(2) Царинскиот службеник може да биде суспендиран доколку постои основана причина за сомневање дека го злоупотребил своето работно место во Царинската управа и суспензијата ќе трае до завршувањето на дисциплинската постапка.

(3) Царинскиот службеник ќе биде суспендиран доколку му е одреден притвор, од првиот ден на притворот и сé додека трае притворот. Доколку кривичната постапка која е покрената против него не е завршена, суспензијата трае до завршувањето на кривичната постапка, и/или дисциплинската постапка, доколку е покрената за истото дело.

(4) За времетраење на суспензијата на царинскиот службеник му следува надомест од 60% од основната плата. Во случај на враќање на работа на царинскиот службеник му следува целосен надомест до 100% од основната плата.

(5) Одлуката за суспендирање или враќање на работа на царинскиот службеник ја носи директорот во писмена форма.

(6) Приговорот поднесен од царинскиот службеник против одлуката за суспендирање не го задржува нејзиното извршување.

## 8. Безбедност на работа и здрава работна околина

### Член 57

(1) Директорот е должен да ги обезбеди потребните услови за заштита при работа во согласност со овој закон, друг закон и колективен договор. Обезбедувањето на безбедна и здрава работна околина за работниците е морална и правна одговорност во согласност со највисоките меѓународни стандарди.

1) Царинската управа на секој работник му обезбедува вработување и работно место кое е ослободено од познати опасности кои предизвикуваат или можат да предизвикаат смрт или сериозни физички повреди на вработените,

2) царинскиот службеник е должен да се придржува кон пропишаните мерки и нормативи за заштита при работа и работите на работното место да ги врши со внимание заради обезбедување на својот живот и здравје, како и на животот и здравјето на другите вработени и граѓаните.

## 9. Општи обврски

### Член 58

(1) Царинскиот службеник е должен:

1) работните задачи да ги врши совесно, стручно, ефикасно,

уредно, и навремено во согласност со Уставот, законот и прописите на Царинската управа;

2) да ги врши своите работни задачи непристрастно и без влијание од страна на политички партии, да не се раководи од свои политчки уверувања, од лични финансиски интереси, да не ги злоупотребува овластувањата и статусот на царински службеник и да го штити угледот на Царинската управа;

3) да ги извршува наредбите од непосредно претпоставениот раководител ако истите се во согласност со Уставот, законот и други прописи;

4) во согласност со закон и прописите на Царинската управа, по барање на граѓаните, заинтересираните странки и јавните институции, да дава информации заради остварување на нивните права и интереси, освен информации кои претставуваат државна и службена тајна;

5) не смее да користи привилегии и ослободувања. Царинскиот службеник не смее да бара ниту да прими материјална или друга корист при исполнување на своите обврски;

6) стручно да го усовршува своето знаење заради унапредување на професионалните барања со постојано почитување и применување на прописите за вршење на своите службени должности;

7) да го почитува пропишаното работно време;

8) сопственоста и опремата што му е дадена на користење за извршување на неговите должности да ја употребува правилно и

како добар домаќин во согласност со нејзината намена и истата да не ја користи во приватни цели;

9) да се однесува во согласност со Кодексот на однесување на Царинската управа и пропишаните правила за ред и дисциплина;

10) да ги почитува сите безбедносни мерки кои можат да го загорозат неговиот живот и здравје како и животот и здравјето на останатите вработени и другите луѓе;

(2) Царинскиот службеник за непридржување кон обврските пропишани со став (1) на овој член е дисциплински одговорен, како и прекршочно или кривично одговорен во согласност со закон.

(3) Постапката за прекршочната или кривичната одговорност, од став (2) на овој член, може да биде покренета и против лица на кои им престанал работниот однос во Царинската управа во согласност со закон.

## 10. Барање за медицински преглед

### Член 59

(1) Потпишувањето на договор и заснованието на работниот однос ќе се изврши откако од страна на здравствена установа определена од Царинската управа се утврди дека кандидатот царински службеник ги исполнува соодветни здравствени стандарди за вршење на работите на работното место.

(2) При унапредување или прераспоредување се применува истиот услов од став (1) на овој член, ако тоа го бара работното место.

(3) Во случаите кога царински службеник не ги исполнува задоволително своите работни задачи, а кога подолго време отсуствува од работа, или постои сомневање во неговата здравствена состојба, или слични околности, директорот може да одлучи царинскиот службеник да го упати на медицински преглед кај овластена здравствена установа назначена за таа цел.

## 11. Надворешни активности

### Член 60

(1) Царинските службеници не смеат да вршат никаква друга функција, должност или дејност поврзана со остварување на профит која е во судир со нивната службена должност.

(2) Царинските службеници не смеат да вршат дејност која е во судир со нивната службена должност како сопственици или партнери во трговски друштва, членови на управни одбори или на надзорни органи на трговски друштва.

(3) Царинските службеници може да вршат други работи и дејности само со претходно одобрение од директорот.

(4) Работите и дејностите кои се во судир со службените должности на царинските службеници ги пропишува директорот со оперативна инструкција.

(5) Царинските службеници кои се однесуваат спротивно на одредбите на овој член, дисциплински одговараат во согласност со член 74 од овој закон.

## 12. Барање за тајност и доверливост

### Член 61

(1) Царинскиот службеник не смее во неовластени цели да користи и даде било која информација, која ја осознал, а се однесува на царинското работење.

(2) Обврската на царинскиот службеник за чување на службена, деловна или друга тајна утврдена со овој закон и посебни прописи, важи и по престанокот на работниот однос во Царинската управа, сé до престанокот на периодот за ограничување.

(3) Царинскиот службеник за непридржување кон обврските пропишани со одредбите на овој член е дисциплински одговорен, како и прекршочно или кривично одговорен во согласност со закон.

(4) Постапката за прекршочната или кривичната одговорност, од став (3) на овој член, може да биде покренета и против лица на кој им престанал работниот однос во Царинската управа во согласност со закон.

(5) Министерот за финансии на предлог на директорот ќе го пропише видот на документите и податоците кои се означени како службена, деловна и друга тајна, начинот на нивното чување и заштитата.

(6) Согласност за ослободување од чување на службена, деловна и друга тајна дава директорот.

## 13. Основни права

### Член 62

Царинскиот службеник ги има следните основни права:

1) право на загарантирана работа во согласност со овој закон;

2) да е заштитен од страна на надлежни органи во извршувањето на своите должности;

3) право на работни услови соодветни за извршување на службените должности;

4) да се пријави за слободно работно место од повисока категорија;

5) при остварувањето на своите работни права да бара заштита од надлежниот суд, синдикат или друг надлежен орган во согласност со законот;

6) право на плата и надоместоци под услови и критериуми дефинирани со прописи кои се во сила;

7) одмор, отсуства и слободни денови во согласност со прописите кои се во сила;

8) право на стручно оспособување и обука во согласност со потребите на Царинската управа;

9) да работи и да се занимава со други дозволени активности надвор од своите должности и работно време, во колку таа работа и активност не е во судир со неговата службена должност и активност, во согласност на член 60 од овој закон, и

10) да основа и да биде член на синдикат и стручни организации во согласност со законите и на тој начин да учествува во процесот на донесување на одлуки во врска со условите за работа.

## 14. Прераспоредување, унапредување, работно време, одмор и отсуства

### Член 63

(1) Во интерес на Царинската управа, царинскиот службеник може на определено или неопределено време да биде прераспореден на друго работно место кое одговара на неговото професионално искуство, знаење и квалификации.

(2) Прераспоредувањето на определено време може да трае до 6 месеци, со можност за продолжување од дополнителни 6 месеци. Кога се прераспоредува царинскиот службеник на определен период, тој е должен да се врати на поранешното или слично работно место.

(3) Царинскиот службеник кој бил прераспореден има право на:

1) надоместок за превозни трошоци, доколку секој ден патува до друго место;

2) утврден надоместок доволен за надоместување на дополнителни трошоци за храна, за кирија и трошоците за превоз до постојаното живеалиште еднаш неделно, доколку царинскиот службеник привремено престојува во местото на работење, и

3) надоместок за трошоците за селење.–

(4) Царинскиот службеник кој е прераспореден по сопствено барање нема право на надоместокот пропишан со став (3) од овој член.

(5) Директорот или од него овластено лице донесува одлуки во однос на прераспоредувањата.

**Член 64**

(1) Поставувањата на работни места и унапредувањата можат да бидат постојани или времени.

(2) Царинскиот службеник може со одлука на директорот да биде постојано распореден на друго повисоко слободно работно место во рамките на Царинската управа по пат на унапредување, за што ќе биде објавен интерен конкурс. Во конкурсот ќе се објават конкретните барања и услови за ова работно место.

(3) Временото унапредување е времено поставување на службеникот на повисоко рангирана позиција на одреден период. Царинскиот службеник се враќа на своето постојано работно место или друго соодветно работно место по истекот на определениот период. За службеникот да биде времено унапреден треба да ги поседува сите потребни квалификации како и за постојаното унапредување.

**Член 65**

(1) Поради потребите на службата, а по наредба на непосредниот раководител, царинските службеници  работат во смени, или варијабилно работно време, вклучувајќи невообичаено работно време и прекувремено работење.

(2) Царинскиот службеник има право на годишен одмор и други отсуства во согласност со закон и потребите на Царинска управа.

**15. Оценување на работата**

**Член 66**

(1) Царинските службеници во текот на своето работење ќе бидат оценувани еднаш годишно преку примена на системот на оценување на работата. Извештајот од оценувањето на работата ќе се подготви благовремено, ќе се потпише од двете страни и ќе се поднесе најдоцна до првото тромесечје од следната година за годината којашто изминала. Извештајот за оценување на работата се архивира и се чува во персоналното досие на царинскиот службеник.

(2) Царинските службеници кои оправдано отсуствувале од работа подолго од шест месеци во текот на годината (боледување, неплатено отсуство и т.н.) нема да бидат оценувани.

(3) Оценувањето на царинските службеници ќе се прави врз основа на податоци кои се однесуваат на стручното знаење и способности во работењето, заложбите, постигнатите резултати, креативноста и совесноста при извршувањето на службените должности кои се од голема важност за извршувањето на основните дејности на Царинската управа.

(4) Резултатите од оценувањето ќе служат како основа за одлуките кои се однесуваат на неуспехот да се придржува кон барањата кои ги налагаат држаните позиции, унапредувањето, прераспоредувањето на друга позиција и некој друг правец на унапредувањето на кариерата.

(5) Проценката и оценувањето на работата на царинскиот службеник може да се изврши и пред годишното оценување на работата секогаш кога има потреба од одлука за незадоволителни работни резултати, прераспределување, унапредување и дисциплински мерки.

(6) Царинските службеници кои нема да постигнат задоволителни резултати во работењето, што е рефлектирано и во нивниот извештај за оценување на работењето, ќе имаат право на понатамошна обука, како и на поддршка од страна на нивните претпоставени, со цел своето работење

да го доведат на задоволително ниво. Ако не успеат да го постигнат тоа во одредениот рок, ќе се преземат дејствија за нивно отпуштање.

## 16. Месечна плата, надоместоци, награди и бонуси

### Член 67

(1) Царинските службеници имаат право на плати, надоместоци на плата и други надоместоци. Платата на царинските службеници, надоместоците на плата и другите надоместоци ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија.

(2) Царинските службеници добиваат 30% од платата како надополнување на редовната плата поради посебните работни услови, како и поради посебната одговорност која произлегува од работното место.

(3) Министерот за финансии по предлог на директорот може да определи поголем процент на плата утврден во став (2) на овој член за специфичните работни места за кои се потребни поспецифични квалификации или специфични вештини, а кои се од особено значење за ефикасноста на Царинската управа.

(4) Царинските службеници добиваат парични награди во врска со оценувањето на работењето, по постигнати исклучителни резултати во работењето или откривање на царински кривични дела или прекршоци.

(5) Поблиски прописи за системот за наградување ќе донесе министерот за финансии по предлог на директорот.

## 17. Бенефиции

### Член 68

Ако против карински службеник се покрене кривична постапка заради употребата на огнено оружје или заради дејствија сторени во врска со вршење на службена должност, како и заради учество во сообраќајна незгода при вршење на службена должност, на барање на царинскиот службеник, Царинската управа му обезбедува бесплатна правна помош доколку се утврди дека употребените средства и дејствија се оправдани.

### Член 69

(1) Царинскиот службеник има право на ослободување од учество со лични средства при користење на здравствени установи за лекување на повреди и за време и во врска со извршување на службената должност во Царинската управа.

(2) Ослободувањето од став (1) на овој член се однесува на примарните здравствени установи и институции, специјалистички консултации и болници во согласност со закон.

### Член 70

Царинската управа обезбедува осигурување за случаи на смрт и инвалидитет за царинските службеници.

### Член 71

Царинските службеници поради специфичностите на работите кои ги извршуваат имаат право на стаж на осигурување кој се смета во зголемено траење.

### 18. Следење на напредувањето на кариерата

### Член 72

(1) Документацијата за напредувањето на кариерата во Царинската управа (донесените одлуки и писмените изјави дадени во однос на царинскиот службеник) ќе се внесуваат во евиденциите за кариерата на царинските службеници кои ќе се чуваат во Централната управа на Царинската управа.

(2) Овие евиденции ќе ги вклучуваат сите релевантни професионални и лични податоци за сите царински службеници. Податоците можат да се водат во електронска форма со строго придржување кон одредбите кои ја уредуваат заштитата на податоците.

(3) Царинскиот службеник ќе има право на пристап до евиденцијата на својата кариера како и право да добие копија од документите.

(4) Понатамошен пропис за специфицирање на евиденцијата за напредувањето во кариерата, како и одржувањето и пристапноста на податоците ќе биде одредена со оперативна инструкција на директорот.

## VI. КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ И ОДГОВОРНОСТИ

### 1. Кодекс на однесување

### Член 73

(1) Царинските службеници треба постојано да ги почитуваат највисоките стандарди на сопствениот интегритет и интегритетот на

Царинската управа во нивните дејности и активности кои ја вклучуваат јавноста, деловниот свет, како и другите органи на државна управа на Република Македонија.

(2) Кодексот на однесување ќе се уреди со Колективниот договор на Царинската управа.

(3) Кодексот на однесување ќе ги опишува со практични и јасни термини стандардите на однесување кои треба да се почитуваат од сите царински службеници и ќе дава насоки и упатства за решавање на етичките прашања за оние кои работат во Царинската управа и оние кои соработуваат и работат со царински службеници.

(4) Случаите на однесување спротивно на Кодексот на однесување може да бидат предмет на дисциплински мерки, вклучувајќи ја и мерката за престанок на работен однос со отказ.

## 2. Дисциплинска одговорност

### Член 74

(1) Царинските службеници ќе бидат дисциплински одговорни за прекршување на Кодексот на однесување, неисполнување на службените должности и работи кои произлегуваат од работното место,
неисполнување на општите обврски од член 58 на овој закон, незадоволителни резултати од работата и недостаток на знаење и способност за извршување на работата од работното место.

(2) Утврдувањето на дисциплинската одговорност, постапката, казните и заштитата на работниците во оваа постапка, за царинските службеници, како и за лицата со статус на административно-технички или

помошен персонал, ќе се врши според општите и посебните прописи за работни односи и Колективниот договор на Царинската управа.

(3) Во однос на став (1) на овој член, одлуката за дисциплинска мерка, директорот ја донесува во рок од три месеци од денот на дознавањето за повредата, а најдоцна до шест месеци од денот кога е сторена повредата. За случаи кога е покрената постапка за кривична одговорност на царинскиот службеник за сторената повреда, одлуката за дисциплинската мерка директорот ја донесува во рок од една година од денот на сторување на повредата.

(4) Утврдувањето на дисциплинската одговорност, постапката, казните и заштитата на работниците во оваа постапка за лицата со статус на државен службеник ќе се врши согласно Законот за државни службеници.

### 3. Материјална одговорност

### Член 75

(1) Покрај дисциплинска одговорност, царинскиот службеник одговара материјално, за штетата која на работа или во врска со работата ќе ја предизвика врз имотот кој го користи Царинската управа.

(2) Државата е одговорна за штета која врз имотот на трети лица ја предизвикал царинскиот службеник за времето на вршење на службената должност освен ако се докаже дека царинскиот службеник постапил во согласност со законот и други прописи.

(3) Царинскиот службеник кој намерно или со грубо невнимание ќе предизвика штета постапувајќи спротивно на законот и другите прописи, дисциплински е одговорен, а Царинската управа може да покрене постапка за надомест на штета пред надлежните органи.

(4) Царинскиот службеник може, за невнимание, да одговара дисциплински.

## VII. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

### Член 76

(1) За долгогодишна стручна работа, организациски унапредувања, успех во поединечни подрачја на работа во вршењето на работните задачи, подобрување на угледот на службата, на службените лица или организационите единици и други органи на државна управа, на единиците на органите на локална самоуправа, на носители на јавни овластувања и поединци, им се доделуваат признанија, а на вработените во Царинската управа и награди или парични награди.

(2) Признанијата и наградите од став (1) од овој член по правило се доделуваат на денот на Царинската управа. Денот на Царинската управа е 14ти април.

## VIII. ФИНАНСИРАЊЕ

### Член 77

(1) Царинската управа се финансира од Буџетот на Република Македонија и од сопствени приходи.

(2) Надоместоците, платите, надоместоците на плати, паричните награди и бонуси, утврдени во член 24 став (2) и од член 67 до член 71 на овој закон, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(3) Видовите, висината и намената на сопствените приходи на Царинската управа од став (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии по предлог на директорот, а со цел за унапредување, модернизација и опремување на Царинската управа како и стимулирање на царинските службеници.

## IX. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Член 78

(1) Со парична казна од 10.000 до 300.000 денари ќе се казни прекршок извршен од правно лице кое се однесува спротивно на член 47 од овој закон.

(2) Со парична казна од 5.000 до 50.000 денари ќе се казни прекршок од став (1) на овој член извршен од одговорно лице во правно лице.

(3) Со парична казна од 1.000 до 40.000 денари ќе се казни прекршокот од став (1) на овој член извршен од физичко лице.

### Член 79

(1) Со парична казна 5.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок овластено лице во органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа и другите државни органи, кое се однесува спротивно на одредбите на членовите 18, 19 и 20 од овој закон.

(2) Со парична казна 5.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок поштенски службеник кој се однесува спротивно на одредбата на член 35 став (1) од овој закон.

## X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 80

Подзаконските прописи пропишани со овој закон ќе бидат донесени во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

### Член 81

Со денот на отпочнување на примената на овој закон, одредбите од член 9 до 14, член 23, член 194, член 195 и член 200 од Царинскиот закон престануваат да важат.

### Член 82

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија".